- **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 и ГП 1.15 од ДУП за Блок 11, - дел 1 со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2 КО Виница, Општина Виница**
- **Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 - домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница**
- **Урбанистички проект за инфраструктура за изработка на кружен тек на магистралната улица „Браќа Миладиновци“- Општина Виница, КО Виница**

Член 4

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1025
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

309

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 И ГП 1.15 од ДУП за БЛОК 11 - ДЕЛ 1, со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2, КО Виница, Општина Виница

1.Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 И ГП 1.15 од ДУП за БЛОК 11 - ДЕЛ 1, со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2 КО Виница, Општина Виница, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1026/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25“) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 И ГП 1.15 од ДУП за БЛОК 11 - ДЕЛ 1, со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2, КО Виница, Општина Виница

Член 1

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 И ГП 1.15 од ДУП за БЛОК 11 - ДЕЛ 1, со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2, КО Виница, Општина Виница.

Член 2

Целта на изработка на предметниот проектен опфат е да од постоечките ГП 1.14 и ГП 1.15 предвидено е формирање на 1 градежна парцела со намена А1-домување во станбени куќи. Формирањето на една градежна парцела со овој УП произлегува од специфичното барање и потребата на Инвеститорот, а изработен е согласно општите одредби дадени во ДУП за блок 11, дел 1 КО Виница, Општина Виница со кој се спроведува урбанистичкиот план во чиј планскиот опфат се појавува потреба од градежните парцели (ГП 1.14 и ГП 1.15) да се формира 1 градежна парцела ГП 1.14 согласно сопственоста (член 63, став 1) со овој УП, при што не се дозволени измени на останатите параметри утврдени со Деталниот урбанистички план**.**
Површината на проектниот опфат изнесува **407.5 м2.**

Член 3

Проектниот опфат ќе се одвива во рамките на границата на проектниот опфат кои го сочинуваат следниве катастарски парцели: КП 8595/1 и КП 8595/2, КО Виница, Општина Виница. Северно од опфатот се наоѓа планска сообраќајница според ДУП (сервисна сообраќајница) со профил од 7 м. Пристапот се одвива од планска сообраќајница Ул.„Маршал Тито” согласно ДУП.

Член 4

За продолжување на постапката за предметниот УП во системот е-урбанизам потребно е утврдување и одобрување од Советот на општината.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1026
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

310

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за пристапување кон изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 - домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница

1.Се објавува Одлуката за пристапување кон изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 - домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1027/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 39 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ број 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019 и 12/2022), Советот на општина Виница на 2-та седница одрана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За пристапување кон изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 - домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница

Член 1

Од страна на Комисијата за урбанизам се прифаќа иницијативата за пристапување кон **изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 - домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница.** Намената на опфатот ќе биде А1 - домување во станбени куќи, а со урбанистичкиот проект ќе се разработува парцелација, уредување на диспозицијата и формата на површините за градење со можност за нивно поместување, според член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 год). Предлагач - инвеститор на поднесената иницијатива е ТМ ДОО ШТИП.

Член 2

Средствата потребни за изработка на Урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа Одлука, ќе бидат на товар на предлагачот на иницијативата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1027
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

311

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани

1.Се објавува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани, утврден на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1028/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 6 став 1 и став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ број 79/2009“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, утврди:

ПРЕДЛОГ
За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани

1.Советот на Општина Виница утврди Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани во областа на вршење на определени работи од областа на инспекциските служби-овластен градежен инспектор од страна на Општина Кочани во корист и за сметка на Општина Виница.
2.Остварувањето на соработката ќе се врши согласно член 29 од законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ број 79/2009“), односно со склучување на Договор во кој подетално ќе се утврдат видот на работите, висината на надоместокот за вршењето на работите, времетраењето, условите и престанокот на меѓуопштинската соработка и други прашања.

Број 09-1028
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

312

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Правилник за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Виница

1.Се објавува Правилникот за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Виница, донесен на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1029/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ПРАВИЛНИК
За постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Виница

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Виница за секое новороденче.

Член 2

Паричната помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.
Правото на парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе родени деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) односно тоа право го има мајката или таткото.
Правото на парична помош имаат и родителите кои посвоиле дете на возраст до една година, за што е потребно да достават Решение за посвојување.
Паричната помош се одобрува еднократно за секое новороденче.

Член 3

Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите на овој Правилник има еден од родителите што е државјанин на Република Северна Македонија.
Двајцата родители треба да се со постојана адреса на живеење или престојување на територијата на Општина Виница.

Член 4

Еднократната парична помош изнесува 6.000 денари и се доделува за секое новородено дете.
Средствата за доделување на еднократна парична помош за новороденче се обезбедуваат од буџетот на Општина Виница.

Член 5

Постапката за остварување право на парична помош за новороденче се поведува со поднесување на писмено Барање до архивата на Општина Виница.

Член 6

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче:

- Важечка лична карта од родителите или патни исправи, со кои се потврдува живеалиште во општина Виница;
- Копија од Извод од матичната книга на венчаните за родителите новороденчето;
- Копија од Извод од матичната книга на родените за новороденчето;
- Трансакциска сметка на барателот;
- Дополнителни документи за самохран родител (во зависност од основот за стекнување статут - самохран родител, потребно е еден од долу наведените документи:
- Копија од Извод од матичната книга на умрените;
- Правосила судска пресуда за раздвоен брак;
- Доказ дека родителот не е во брачна заедница со Извод од матичната книга на родените не постар од шест месеци;

Член 7

Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош се поднесува најдоцна до наполнети шест месеци на детето.

Барањето што е поднесено по шестиот месец од раѓањето на детето нема да биде предмет на разгледување.

Член 8

Врз основа на поднесеното Барање и приложената документација, а по нивното рагледување и одобрување, Градоначалникот на општина Виница донесува Решение за доделување еднократна парична помош за новороденче.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1029
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

313

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање на трајно користење на Работно моторно возило - Машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор

1.Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на Работно моторно возило - Машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1030/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. весник на РСМ број 5/2002, 84/2020“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Одлука број 09-226 од 28.02.2025 година на Советот на Општина Виница и Договор за закуп заверен под број 10-301 од 11.03.2025 година од Општина Виница и заверен под број 03-257 од 11.03.2025 година од ЈП „Солидарност“-Виница, Советот на Општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање на трајно користење на Работно моторно возило - Машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор

Член 1

Општина Виница со седиште на ул.„Бел Камен“ бр.13 со ЕМБС 5996929, застапувана од Градоначалникот Митко Костадиновски го дава на трајно користење: Работното моторно возило - Машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор, Модел: 400 ze RS, Идентификационен број на возилото (шасија): U19X405M1RVGMV009, Година на

производство: 2024 година, Боја: зелена, на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница со седиште на ул.„Плачковички одреди“ бб со ЕМБС 4040155 застапувано од директорот Игор Спасовски.

Член 2

Давањето на трајно користење на возилото од член 1 од страна на Општина Виница е без надомест.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1030
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

314

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање на трајно користење на Работно моторно возило - Специјално товарно возило за собирање отпад

1.Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на Работно моторно возило - Специјално товарно возило за собирање отпад, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1031/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. весник на РСМ број 5/2002, 84/2020“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Одлука број 09-227 од 28.02.2025 година на Советот на Општина Виница и Договор за закуп заверен под број 10-301 од 11.03.2025 година од Општина Виница и заверен под број 03-257 од 11.03.2025 година од ЈП „Солидарност“-Виница, Советот на Општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање на трајно користење на Работно моторно возило - Специјално товарно возило за собирање отпад

Член 1

Општина Виница со седиште на ул.„Бел Камен“ бр.13 со ЕМБС 5996929, застапувана од Градоначалникот Митко Костадиновски го дава на трајно користење: Работното моторно возило - Специјално товарно возило за собирање отпад, Модел: Otokar Atlas 8.5T LWB KAMION, Идентификационен број на возилото (шасија): NLRTNHK10RA004821, Година на производство: 2024 година, Боја: бела, на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница со седиште на ул.„Плачковички одреди“ бб со ЕМБС 4040155 застапувано од директорот Игор Спасовски.

Член 2

Давањето на трајно користење на возилото од член 1 од страна на Општина Виница е без надомест.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1031
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

315

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за свечен дочек на Новата 2026 година

1.Се објавува Програмата за свечен дочек на Новата 2026 година, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1032/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ПРОГРАМА
За свечен дочек на Новата 2026 година

По повод Новогодишните и Божиќните празници како и дочекот на Новата 2026 година, Градоначалникот на општина Виница планира да спроведе одредени активности за одбележување на овие настани.
Се планираат повеќе активности и тоа:
1.Украсување на градот и населените места во општина Виница како и на Плоштадот „Ангел Винички“, за кое нешто се планирани средства во износ од 100.000,00 денари.
2.На 31.12.2025 година-новогодишната ноќ се планира посета на дежурните служби во институциите кои оваа ноќ ќе ја поминат работно и на истите ќе им бидат поделени подароци, за што се планираат средства во износ од 50.000,00 денари.
3.Општина Виница ќе испечати рекламен материјал: нотеси пенкала и слично, во износ од 60.000,00 денари.
4.По повод Новогодишните празници, Градоначалникот заедно со Советот на општина Виница ќе ги посети и децата кои претстојуваат во детската градинка, првачињата во општинските училишта како и децата од дневниот центар за деца со посебни потреби и на нив ќе им подари пакетчиња, за што се планирани средства во висина од 90.000,00 денари.
5.Новогодишен хепенинг на Градски плоштад „Ангел Винички“, за што се планирани средства во висина од 200.000,00 денари.
За сите погоре наведени активности се планирани средства во вкупен износ од 500.000,00 денари.
Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1032
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

316

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/24“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање Согласност за обезбедување оброк на учениците од продолжениот престој во ООУ „Гоце Делчев“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност за обезбедување оброк на учениците од продолжениот престој во ООУ „Гоце Делчев“ - Виница, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1033/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Слубен весник на РСМ број 202/24“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање од ОЈУДГ „Гоце Делчев“-Виница број 03-243/1 од 07.11.2025 година, Наш број 09-984 од 07.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање Согласност за обезбедување оброк на учениците од продолжениот престој во ООУ „Гоце Делчев“-Виница

Член 1

Се дава Согласност за обезбедување оброк на учениците од продолжениот престој во ООУ „Гоце Делчев“-Виница, за кој оброк родителите треба да плаќаат месечен надоместок согласно Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Гоце Делчев“ - Виница за износот и надоместокот за трошоците за престој на деца во ОЈУДГ „Гоце Делчев“-Виница што паѓа на товар на родителите.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1033
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

317

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница

1.Се објавува Решението за разрешување на Управен одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница, донесено на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1034/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“),а по Барање број 09-981 од 07.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница

Член 1

Членот на Управниот одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“- с.Блатец, Виница: Драги Анакиев од с.Блатец, Виница, именуван со Решение број 09-1062 од 27.12.2021 година, се разрешува од функцијата член на Управниот одбор, на свое Барање поради неспоивост на функциите член на Советот на општина Виница и член на Управен одбор.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1034
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

318

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број

202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.Се објавува Решението за разрешување на Орце Христовски од член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесено на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1035/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“),а по Барање број 09-983 од 07.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 1

Членот на Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница: Орце Христовски од Виница, именуван со Решение број 09-1059 од 27.12.2021 година, се разрешува од функцијата член на Управниот одбор, на свое Барање поради неспоивост на функциите член на Советот на општина Виница и член на Управен одбор.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1035
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

319

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.Се објавува Решението за разрешување на Гоце Василев од член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесено на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1036/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“),а по Барање број 09-992 од 11.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ
За разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 1

Членот на Управниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница: Гоце Василев од Виница, именуван со Решение број 09-1059 од 27.12.2021 година, се разрешува од функцијата член на Управниот одбор, на свое Барање поради неспоивост на функциите член на Советот на општина Виница и член на Управен одбор.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1036
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

320

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за разрешување член на Управен одбор на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ - Свети Николе

1.Се објавува Решението за разрешување член на Управен одбор на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ - Свети Николе, донесено на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1037/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-994 од 11.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За разрешување член на Управен одбор на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ - Свети Николе

Член 1

Членот на Управниот одбор на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ - Свети Николе: Трајан Сарафимов од с.Градец, Виница, именуван со Решение број 09-1013 од 16.12.2021 година, се разрешува од функцијата член на Управниот одбор, на свое Барање поради неспоивост на функциите член на Советот на општина Виница и член на Управен одбор.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1037
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

321

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за дополнување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година

1.Се објавува Одлуката за дополнување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1038/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За дополнување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година

Член 1
Се врши дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на општина Виница за 2025 година, број 09-1236 од 27.12.2024 година.

Член 2
Во член 2 од Одлуката се додава нова точка 11 која гласи: Прослава на 29-ти роденден на Кафе Кул 96 - Виница.

Член 3
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1038
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

322

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за продолжување работното време на Кафе Кул 96 - виница

1.Се објавува Одлуката за дополнување на Одлука за продолжување работното време на Кафе Кул 96 - Виница, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1039/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ број 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016“ и „Сл.весник на РСМ број 31/20“), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-991 од 11.11.2025 година, Советот на општина Виница на 2-та седница оддржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За продолжување работното време на Кафе Кул 96 - Виница

Член 1
По повод прослава на 29-ти роденден, работното време на Кафе Кул 96 Виница, кој се наоѓа на ул.„Моша Пијаде“ број 1, на ден 29.11.2025 година (сабота) спрема 30.11.2025 година (недела), се продолжува за два часа покасно односно до 03:00 часот по полноќ.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-1039
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

323

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Виница

1.Се Одлуката за отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Виница, донесена на 2-та седница на Советот на општина Виница одржана на 14.11.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-1040/2
14.11.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа, („Сл. весник на РМ број 05/02 и „Службен весник на РСМ број 202/24“), член 7 став 1 и став 2 алинеа 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл. весник на РМ број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на РСМ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 208/24 и 193/25“), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница бр. 08/10, 12/14, 04/19, 12/22“),Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За отстранување на хаварисани, напуштени и нерегистрирани возила од јавните површини на Општина Виница

Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат условите, постапката и начинот за идентификација, означување, отстранување и складирање на хаварисани, напуштени и нерегистрирани моторни возила поставени на јавни површини на територијата на Општина Виница.

Член 2

Под **хаварисани или напуштени возила** се подразбираат моторни возила кои:

- се очигледно оштетени, нефункционални или без делови неопходни за нормално движење;
- се нерегистрирани подолг временски период;
- се оставени на јавна површина спротивно на сообраќајните правила;
- претставуваат закана за животната средина, безбедноста на граѓаните или го нарушуваат изгледот на јавниот простор.

Член 3

(1) Идентификацијата на хаварисани и напуштени возила ја врши надлежната служба на Општина Виница во соработка со Полициската станица Виница.

(2) По утврдувањето, на возилото се поставува писмено **известување/стикер** со рок од **30 дена** за негово доброволно отстранување од страна на сопственикот.

Член 4

Доколку сопственикот на возилото не го отстрани возилото во оставениот рок, Општина Виница ќе пристапи кон принудно отстранување со специјализирана служба.

Член 5

Отстранетите возила ќе се транспортираат и сместуваат во определен простор/депонија назначена од Општината. Сопственикот има право да го подигне возилото по претходна идентификација и по целосно подмирување на трошоците за подигање, транспорт и складирање.

Член 6

Доколку возилото не биде подигнато во рок од **180 дена** од денот на отстранувањето, Општината

има право да постапи согласно важечките закони за негово трајно отстранување или предавање на отпад.

Член 7

За спроведување на оваа Одлука надлежни се:

- Одделението за инспекциски надзор на Општина Виница (Комуналната инспекција Сообраќајна инспекција),
- Полициската станица Виница.

Член 8

Трошоците за постапката за отстранување паѓаат на товар на сопственикот на возилото. Ценовникот го утврдува општинската служба и се објавува јавно.

Член 9

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-1040
14.11.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

323

Содржина

1.....Одлука за верификација на мандатот на членот на Советот на општина Виница Имит Скопко.
Решение за објавување.
2.....Заклучок за усвојување на Измена на План на Програми за развој за период од 01.01.2025-31.12.2025 година.
Решение за објавување.
4.....Буџет за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Виница за 2025 година (Ребаланс).
Решение за објавување.
53.....Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање во општина Виница за 2025 година.
Решение заобјхавување.
54.....Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.14 и ГП 1.15 од ДУП за БЛОК 11 – ДЕЛ 1, со намена А1 семејно домување во станбени куќи за формирање на една градежна парцела на КП 8595/1 и КП 8595/2, КО Виница, Општина Виница.
Решение за објавување.
55.....Одлука за пристапување кон исработка на Урбанистички проект со план за парцелацијана градежна парцела ГП 1.5 и ГП 1.8 со намена А1 – домување во станбени куќи од Детален урбанистички план за град Виница, за Блок 11, дел 1 (Одлука бр. 07-423 16.06.2011 година) Општина Виница.
Решение за објавување.
55.....Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани.
Решение за објавување.
56.....Правилник за постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Виница.
Решение за објавување.
57.....Одлука за давање на трајно користење на Работно моторно возило-Машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор.
Решение за објавување.
58.....Одлука за давање на трајно користење на Работно моторно возило-Специјално товарно возило за собирање отпад.
Решение за објавување.
59.....Програма за свечен дочек на Новата 2026 година.
Решение за објавување.
60.....Одлука за давање Согласност за обезбедување оброк на учениците од продолжениот престој во ООУ „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
60.....Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“- с.Блатец.
Решение за објавување.
61.....Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидартност“- Виница.
Решение за објавување.
61.....Решение за разрешување член на Управен одбор на ЈП за комунални работи „Солидартност“- Виница.
Решение за објавување.
62.....Решение за разрешување член на Управен одбор на заедничко Јавно претпријхатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРО-ИСТОК“-Свети Николе.
Решение за објавување.
63.....Одлука за дополнување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
63.....Одлука за дополнување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
64.....Одлука за отстранување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за култура и спорт на Општина Виница за 2025 година.
Решение за објавување.